
RODIUS



Родиус е автомобил од класата на супер-MPV (Multy Purpose Vehicle), но и покрај тоа нема аналог во автомобилскиот свет. Роден од теренец и лимузина, тој импонира со големината на Чермен, врз чија платформа е изграден, агрегат и подвозје од Рекстон, исклучителна модуларност и дополнителна опрема од највисока класа. Со надворешни размери 5125/1915/1820 мм Родиус нуди огромен внатрешен простор за патниците и разни можности за негово искористување. Седумте седишта можат да се поставаат во секакви позиции, а комфорот се надополнува со многуте додатоци како што се подлактници со држачи за чаши, осветлување на штитниците од сонце, кутии, ќебови и масички на свиткување. Предноста на 4x4 трансмисијата ќе биде ценета од љубителите на прекрасната природа до која ретко водат гладки и одржувани патишта.

### Дигитален мултиметар



Компасот на современиот патешественик е дигитален. Освен насоките на светот овој мал уред покажува уште и надморска височина и атмосверски притисок.

### Инфо дисплеј



Поставен токму пред погледот на возачот, дисплејот дава информација за моментната состојба на сите системи и прикажува предупредувачки сигнали доколку е потребно.

### Климатроник



Двозонскиот климатроник овозможува избор на температура со точност до половина степен и има вграден AQS систем за контрола на квалитетот на воздухот.

### Аудио команди на воланот



Благодарение на нив возачот може да управува со аудио системот без да одвои поглед од патот и раце од воланот. Тоа значи комфорт, расположение и зголемена сигурност.

### Панорамски сончев кров



Високиот таван на Родиус дава неспоредлив простор и светлина во кабината, а огромниот сончев кров го засилува чувството на луксуз. Двете варијанти за отварање ги активира удобен прекинувач поставен на таванот.

### Внатрешен ретровизор со фотогреј ефект



При доаѓање на силна светлина од позади ретровизорот се затемнува за да не дојде до заслепување на возачот. Фотогреј ефектот особено игра значајна улога за безбедо возење во ноќните часови.

## Варијанти на седиштата



Класичната варијанта со седишта свртени во насока на движењето овозможува комфортно патување на 7 патници.



Завртениот со грб во насока на движењето втор ред седишта дава одлична можност за игри, разговори и забава.



Склопените седишта од вториот ред може да се искористат како маси за јадење или за игри. Во нив дури има и вградени држачи за чаши и ситни предмети.



Спуштените наслони на вториот ред седишта овозможуваат на двајца патници да патуваат полулегнати.



Спуштениот трет ред го зголемува товарното пространство при транспорт на пообемни товари.



Спуштањето до хоризонтална положба на вториот и третиот ред на седишта го трансформира Родиус во спална за двајца возрасни.



Склопените седишта во третиот го зголемуваат обемот товарниот простор.



Кога има потреба од максимално товарно пространство, третиод ред седишта може потполно да се отстрани.

## Место за секој предмет



очила...



...мапи, шишиња...



...CD-a со музика и филм...



...разни крупни предмети...



...разни ситни предмети...



...пијалаци, пепелници...



...и едно мало цвеќе за добро расположение.

## Перманентен погон AWD

Системот AWD го распределува вртежниот момент помеѓу предната и задната оска во однос 40:60. Тој работи во тандем со 4-каналната електронска стабилизирачка програма (ESP) која што постојано ја следи промената на состојбата на патот и однесувањето на возилото. Во случај на ризична ситуација, ESP системот автоматски ќе превземе контрола врз вртежниот момент и силата на сопирање за да се спречи инцидент.

Со мотор 270 CDI , високо софистицираната Т-троник трансмисија, произведена од Mercedes-Benz и перманентен погон 4x4 Родиус е вистинска високопроодна лимузина со седум места.




## Двигател 270CDI (дизел)

**Тип:** 5- цилиндричен реден
**Хардвер:** Mercedes-Benz
**Софтвер:** Delphi
**Вбризгување:** директно, 1600 бари, 3G Common-Rail
**Моќност:** 161 к.с (119 kW)
**Максимален вртежен момент:** 340 Nм/1800-3250 врт./мин.



## Т-троник трансмисија

За пријатното возење на Родиус пред се има заслуга високо софистицираната Т-троник трансмисија, произведена од Mercedes-Benz. Таа има 5 степени за движење нанапред и 2 степени за движење наназад, компјутерски контролирана за оптимално подесување на точките на промена за максимална удобност и намалена потрошувачка на гориво.



## Комфортна суспензија

Превземена од лимузината Чермен предна суспензија на Родиус е со спирални пружини и двојни триаголни носачи. Тоа овозможува максимален контакт со подлогата, ограничувајќи го страничното навалување.
Сложната многурамена задна суспензија ги абсорбира ударите од нерамнините на патот. Резултат на оваа комбинација е исклучителнто комфортно возење, за кое придонесува и долгото меѓуоскино растојание.



## Систем за сопирање

Како што му прилега на еден моќен автомобил, Родиус е опремен со вентилирачки дискови за кочење на сите четри тркала. На лизгав терен 4-каналниот 4-сензорен антиблок систем (ABS) го спречува бокирањето на тркалата при нагло запирање и така го задржува автомобилот во саканата тректорија. За потполна контрола врз упавувањето ABS користи и сопирачки асистент (BAS).

Ексклузивен увозник:
Ratola®

www.rodius.ratola.mk
Скопје, ул. Димитрие Чуповски 26, тел. 02.3238-588, 071 232-888